**20212974673**

## АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР

Врз основа на členовите 97-в став (5) и 103 став (1) алинеја (2) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија” бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНОТО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ КОНТРОЛА

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на овластеното лице за вршење контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/12), во целиот текст на Правилникот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 3 став (3) се бришат зборовите: „23/11 и 80/12“ и по зборовите: „бр. 48/10“ се додаваат зборовите: „и со понатамошните измени и дополнувања“.

Член 2

Прилог 1 се менува и гласи:

ПРИЛОГ 1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

**СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА**

___________________________________
**(име и презиме на овластеното лице)**

______________________________
**(регистарски број)**

____________________________
**(место и датум на издавање)**

____________________ _________________
**(место за своерачен потпис)** **Директор**

**Имателот на оваа службена легитимација е овластен да врши контрола согласно овластувањата утврдени со Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 48/10 и со понатамошните измени и дополнувања), како и прописите донесени врз основа на овој закон. Субјектот кој е предмет на контрола е должен на овластеното лице да му овозможи непречено вршење на контролата, да му овозможи, стави на увид и на писмено барање на овластеното лице да му ги даде сите потребни информации, податоци и документација без оглед на медиумот на кој истите се чуваат.**

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-385/1
23 декември 2021 година
Скопје

Агенција за регулирање на
железничкиот сектор,
Претседател на Управен одбор
**Раде Лазаревски,** с.р.